Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

# Извадок на дел од дневните настани 07.07.2024

На 06.07.2024 во 12.40 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ја лишиле од слобода С.О.(31) од Скопје, затоа што кај неа била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.07.2024 во 23.20 часот во Скопје, на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.К.(20) од с.Идризово, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (06.07.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 134 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола 19 санкции, девет мерки за користење на мобилен телефон при управување, девет санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло, шест мерки за некористење на сигурносен појас, 13 санкции за прекршоци што ги чинат возачи на мотоцикл...

На 06.07.2024 во 11.00 часот Полициска станица Прилеп, било пријавено дека на патот од Градско кон Прилеп се случила сообраќајна несреќа помеѓу мотоцикл „хонда“ со скопски регистарски ознаки, управувано од Ж.С.(44) од Скопје и патничко возило „форд“ со прилепски регистарски ознаки, управувано од С.С.(56) од Прилеп. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, а со телесни повреди се здобила неговата сопатничка В.С.(45) од Скопје, констатирани во Градската болница Прилеп. Извршен бил увид од увидна екипа на ОВР Прилеп.

На 06.07.2024 во 10.25 часот СВР Велес било пријавено дека на улица „АСНОМ“, пред влез на пералница, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „голф“, управувано од М.А.(32) од Битола и мотоцикл „венци“, управуван од Д.Д.(61) од Велес, и двете со велешки регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во болницата во Велес. По овластување на јавен обвинител, увид на местото извршила увидна екипа од СВР Велес

На 06.07.2024 во 12.15 часот во Полициска станица Чаир, К.Д.(57) од Скопје пријавил дека на ул.„Качанички пат“ во Скопје бил каснат од куче скитник.

Денеска (07.07.2024) во 03.15 часот во Полициската станица Кисела Вода, О.Ч.(44) од Скопје пријавил дека на ул.„1512“ во Скопје бил каснат од куче скитник.

Во периодот од 04 до 06.07.2024, по претходно преземени оперативни мерки и активности од страна на МВР, поточно Оддел за гранични работи и миграции - Мобилна единица за компензаторски мерки и Оддел за криминалистичка полиција - Сектор за економски криминал и корупција, во координација со Царинската управа и со користење на службено куче, во царински склад во Скопје извршен е детален преглед на три товарни моторни возила со скопски регистарски ознаки, сопственост на две правни лице од Скопје и од с. Студеничани, скопско. При прегледот во нив се пронајдени и одземени 3.700 парчиња разновидна брендирана трговска стока без неопходната документација, во вредност од 40.000 евра, поради што постои сомневање дека со возилата се врши нелегален превоз на стока која повредува право на интелектуална сопственост. Одземената стока е предадена на Царинската управа и се преземаат сите неопходни мерки за целосно расчистување на случајот.

На 06/07.07.2024 од 22.00 до 04.00 часот на подрачјето на СВР Охрид реализирани се сообраќајни контроли, во кои полициските затекнале осум возачи кои управувале моторни возила под дејство на алкохол (Охрид-04, Струга-03, Кичево-01). Тие се веднаш исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни платни налози.

Денеска (07.07.2024) во 05.30 часот во СВР Скопје, 28-годишна жена пријавила дека на 06.07.2024 околу 22.30 часот во скопско била физички нападната од нејзиниот партнер Д.Д.(44) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.07.2024 во 15.00 часот во СВР Скопје, И.Ш.(48) од Косово пријавил дека околу 09.30 часот, во објект во изградба на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од И.У и М.У., и двајцата од Косово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.07.2024 во 14.40 часот во Полициска станица Бит Пазар било пријавено дека А.Р.(28), кој утрото од неговата сестра А.Р.(35) од Скопје бил пријавен дека се оддалечил од домот, се вратил дома.

На 06.07.2024 во 20.09 часот во СВР Штип, Т.Д.(61) пријавил дека во Штип бил физички нападнат со тврд предмет од Т.Н., двајцата од Штип. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.07.2024 во 15.30 часот во СВР Скопје, 26-годишна жена пријавила дека на 05.07.2024 околу 22.00 часот во угостителски објект на подрачјето на Драчево била физички нападната од нејзиниот поранешен партнер А.И., кој ѝ упатувал и закани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.07.2024 во 19.40 часот во СВР Штип било пријавено дека во Штип, по претходна вербална расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.М.(57) и П.С., двајцата од Штип. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.07.2024 во 14.00 часот во СВР Скопје, Џ.Р.(41) од Тетово пријавил дека околу 13.50 часот на патот од Скопје кон Тетово, кај клучка Сарај, додека го управувал неговото патничко возило „рено меган“ со скопски регистарски ознаки, слушнал звук на предното стакло од возилото и забележал дека е оштетено од заталкано зрно од огнено оружје. Полициски службеници од СВР Скопје излегле на местото на настанот и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.07.2024 во 21.30 часот во СВР Штип, А.К.(42) пријавил дека околу 21.00 часот во Штип бил физички нападнат од Д.В,. двајцата од Штип. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет